Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), во врска со членовите од 137 до 145 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија", број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18) и член 27 на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.10/08 и 85/09), во согласност со член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-4519/5 од 17.10.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 42-ра седница одржана на 17.10.2018 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ОДМОР НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, со измена и дополнување бр.01-1879/2 од 31.03.2015 година

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, со измена и дополнување бр.01-1879/2 од 31.03.2015 година,

## Член 2

Во глава „1.ОПШТИ ОДРЕДБИ", во членот 4 ставот 2 се брише.

## Член 3

Во глава „3. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ОДМОР", во член 10 став 2 точка б), по зборовите: „раководител на сектор" се додаваат зборовите „раководител на служба".

## Член 4

Во глава „4.КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР", во член 11 став 2, по зборовите: „раководител на одделение/раководител на сектор" се додаваат зборовите „раководител на служба".

## Член 5

Во глава „4.КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР", во член 12 став 3, зборовите: „12 работни дена" се заменуваат со зборовите „две непрекинати работни недели".

## Член 6

Во глава „4.КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР", во член 13 став 3, по зборовите: „раководител на сектор" се додаваат зборовите „раководител на служба".

**Член 7**

Сите останати одредби од Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, со измена и дополнување бр.01-1879/2 од 31.03.2015 година, остануваат неизменети.

**Член 8**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, со измена и дополнување бр.01-1879/2 од 31.03.2015 година, влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.01-4549/1**
**17-10.2018 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**